PHILIPS

# Слушалки

## 6000 Серија

TAH6005






# Прирачник за корисникот

Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на

www.philips.com/support

# Содржина

1 Важни безбедносни упатства 2
Безбедност на слухот 2
Општи информации 2

2 Вашите безжични ТВ слушалки 3
Што има во кутијата 3
Преглед на вашите безжични ТВ слушалки 4

3 Почнете 5
Почнување 5
Поврзување 6
LED индикатори 7

4 Технички податоци 8

5 Најчесто поставувани прашања 9

# 1 Важни безбедносни упатства

## Безбедност на слухот



### Опасност

- За да го избегнете оштетувањето на слухот, ограничете го времето на користење на слушалките со висока јачина на звукот и поставете ја јачината на звукот на безбедно ниво. Колку што е погласен звукот, толку е пократко времето на безбедно слушање.

Осигурете се дека ги почитувате следните упатства, кога ги користите вашите слушалки.

- Слушајте со разумно ниво на јачина на звук, во текот на разумни временски периоди.
- Внимавајте постојано да не ја зголемувате јачината на звукот, бидејќи вашиот слух се прилагодува на неа.
- Не зголемувајте ја јачината на звукот толку многу да не можете да чуете што се случува околу вас.
- Треба да бидете претпазливи или привремено да прекинете со употребата во потенцијално опасни ситуации.
- Прекумерниот звучен притисок од слушалките може да предизвика губење на слухот.
- Не се препорачува користењето на слушалките кои ги покриваат двете уши додека возите и може да биде нелегално во некои области.
- Заради ваша безбедност избегнувајте го одвлекувањето на вниманието од страна на музиката или телефонските повици, додека се наоѓате во сообраќај или во некои други потенцијално опасни средини.

## Општи информации

За да се избегне оштетување или дефект:

### Внимание

- Не изложувајте ги слушалките и предавателот на прекумерна топлина.
- Не испуштајте ги слушалките и предавателот.
- Слушалките и предавателот не смеат да бидат изложени на капење, прскање со вода.
- Не дозволувајте вашите слушалки и предавателот да бидат потопени во вода.
- Не користете било какви средства за чистење што содржат алкохол, амонијак, бензен или абразиви.
- Доколку е потребно чистење, користете мека крпа, ако е потребно навлажнета со минимална количина на вода или разреден благ сапун, за чистење на производот.
- Интегрираната батерија не смее да биде изложена на прекумерна топлина, како што е сончева светлина, оган или слични нешта.
- Постои опасност од експлозија ако батеријата е неправилно заменета. Заменете ја со ист или еквивалентен вид.

За работењето и температурите за складирање и влажноста

- Користете ги или чувајте на место каде што температурата е помеѓу -10 °C (14 °F) и 60 °C (140 °F) (до 90% релативна влажност.
- Работниот век на батеријата може да се намали во услови на висока или ниска температура.

# 2 Вашите безжични ТВ слушалки

Ви честитаме за купувањето и добредојдовте во Philips! За да имате целосна корист од поддршката што Philips ви ја нуди, регистрирајте го вашиот производ на www.philips.com/support.

Со овие Philips слушалки за преку уши, можете:

- Безжично уживајте во пригодно ТВ шоу;
- Уживајте и безжично контролирајте ја музиката.

## Што има во кутијата



Слушалки



Предавател



Цевка на антената



2 x AAA батерии на полнење



3,5 mm аудио кабел



Адаптер за наизменична/еднонасочна струја



Променлив приклучок за UK и GS приклучок




Водич за брз почеток




Глобална гаранција



Безбедносен леток

# Преглед на вашите безжични ТВ слушалки










① **LED индикатор**

② **3,5mm приклучок за полнење на слушалките**

③ **Влез на напојување**

④ **Прекинувач за избор на канал**

⑤ **Аудио влез (приклучок со ТВ)**

⑥ **Вклучување / исклучување**

⑦ **Приклучок за полнење**

⑧ **LED**

⑨ **Автоматско подесување (откако ќе се избере каналот во предавателот)**

⑩ **Јачина на звук +/-**

# 3 Почнете

Внимание

- AAA алкалните батерии можат да се користат за работа на слушалките, но не можат да се полнат со овој систем.

Забелешка

- Користете само Philips-ови NiMH батерии на полнење со кратки ракави, со вашите слушалки. Други видови на батерии на полнење не можат да се полнат со овој систем.
- Пред да ги користите слушалките за прв пат, полнете ги испорачаните батерии најмалку 5 часа.
- Ако јачината на звукот на аудио изворот е недоволна, предавателот автоматски ќе се исклучи.
- Предавателот не пренесува аудио сигнал кога ја полните батеријата.

## Почнување

1 Ставете ја антенската цевка на предавателот.



2 Поврзете го адаптерот за напојување со главниот штекер и 3,5mm приклучок до предавателот.



3 Извлечете го перничето за уво од левата школка за уво. Вметнете ги испорачаните AAA x2 батерии.




4 Приклучете го кабелот за полнење во приклучното место за полнење на слушалките, за да ги полните слушалките. LED кај предавателот ќе трепка „ЗЕЛЕНО". Кога полнењето ќе заврши, LED постојано ќе свети „ЗЕЛЕНО" на предавателот.




Се полни: „Зелено" трепка;
Полнењето заврши: „Зелено" е вклучено.

## Поврзување

### 1 Поврзете го аудио уредот

- Поврзете го аудио уредот со аудио излез од 3,5 mm. Поврзете ја едната страна од испорачаниот 3,5 mm аудио кабел со 3,5 mm аудио влез на предавателот и другата страна на 3,5 mm аудио излез.




### 2 Вклучете ги слушалките

- Притиснете го копчето за напојување на слушалките. LED ќе засвети со „ЗЕЛЕНО" на слушалките.



### 3 Прилагодете ја јачината на звукот на влезот

- За уред со аудио излез од 3,5mm (на пр. ТВ), зголемувањето на нивото на јачината на звукот на слушалките нема да добие одговор, ако нивото на јачината на звукот на уредот за поврзување е премногу мало.

### 4 Автоматско подесување

- Притиснете го во текот на една секунда копчето за автоматско подесување на слушалките, за автоматско прилагодување на сигналниот канал.



- Изберете го најдобриот канал

↳ Ако има пречки, префрлете се на друг сигнален канал во предавателот. Потоа притиснете го копчето за автоматско местење на слушалките, за да го повторите подесувањето.




## LED индикатори

| Статус | LED сијаличка на предавателот | LED сијаличките на слушалките |
|---|---|---|
| Пребарување | Не е достапно | Зелената LED сијаличка трепка |
| Врската е воспоставена | Белата LED сијаличка е вклучена* | Зелената LED сијаличка е вклучена |
| Ниско ниво на батерија | Не е достапно | Зелената LED сијаличка бавно трепка |
| Се полни | Зелената LED сијаличка трепка | Не е достапно |
| Целосно наполнета | Зелената LED сијаличка е вклучена | Не е достапно |

### Совет

- Белата LED сијаличка на предавателот се исклучува по 5 минути.

# 4 Технички податоци

**Општи спецификации и карактеристики**

- Време на музика (варијација на слушалки): 18 часа
- Нормално време за целосно полнење: 6 часа
- Работен опсег: до 100 метри (отворен простор)
- FM решение

**Пренос**

- Носител / прием на фреквенција: 863,53-864,53 MHz
- Моќ на пренесување: <9 dBm

**Батерија**

- 2 x AAA NiMH 700 mAh батерии на полнење

**Адаптер**

- Philips: YLJXC-080040
- Влез: 100-240 v~, 50/60 Hz
- Излез: 8 vdc 400 mA

**Совет**

За понатамошна поддршка на производот, посетете ја страницата www.philips.com/support.

# 5 Најчесто поставувани прашања

**Не можам да слушнам никаков звук.**

- Осигурете се дека правилно сте ги поврзале изворот на напојување и адаптерот (видете '1. Поврзете го аудио уредот 'на страница 5).
- Осигурете се дека сте ја прилагодиле јачината на звукот на соодветно ниво.
- Осигурете се дека батериите се полнат и проверете дали се правилно вметнати во отворот за полнење на батеријата (видете ,Започнете' на страница 5).
- Проверете дали LED сијаличката на предавателот свети со бела боја.
- Батериите се неисправни. Купете нови со исти спецификации.

**Звукот е искривен.**

- Нивото на јачината на звукот во аудио изворот е поставено на премногу високо.
- Слушалките се скоро надвор од опсегот. Преместете го поблиску до предавателот.
- Слушалките примаат пречки од блиските електрични апарати. Преместете го предавателот подалеку од нив.
- Слушалките се наоѓаат на локација со дебели ѕидови. Преместете го предавателот подалеку од нив.
- Прилагодете ја поставката на каналот (видете во ,Започнете' на страница 6-7).
- Прилагодете ја јачината на звукот на аудио уредот.

**Кога ја мрдам главата, слушам бучава од мешање.**

Мешањето може да биде предизвикано од друг безжичен уред како Bluetooth, WiFi, рутер или 2,4 GHz уреди. Преместете го подалеку безжичниот уред.

**Аудио квалитетот е слаб.**

- Слушалките се надвор од опсегот. Намалете го растојанието помеѓу слушалките и аудио уредот или отстранете ги пречките меѓу нив.
- Прилагодете ја поставката на каналот (видете во ,Започнете' на страница 6-7).
- Прилагодете ја јачината на звукот на аудио уредот.

**Спецификацијата покажува работен опсег од 100 метри. Зошто вистинскиот опсег е пократок?**

Работниот опсег е ограничен со пречки како што се дебели ѕидови, врати или таван. Поместете ги слушалките поблиску до предавателот.

За понатамошна поддршка, посетете ја веб-страницата www.philips.com/support.

Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани трговски марки на Koninklijke
Philips N.V. и се користат под лиценца. Овој производ бил произведен и се
продава под одговорност на MMD Hong Kong Holding Limited или на една од
неговите филијали и MMD Hong Kong Holding Limited е гарант во однос на овој
производ.

UM_TAH6005_10_MK_V1.0